РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1279/2
12-06-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33 - та, одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

СЕ ОТФРЛА пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-1279/1 од 18.03.2026 година доставена од непознат подносител против лицето д-р ---------------.

Согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај.

Пријавата, во делот на наводите за евентуални повреди на прописите од областа на здравствената заштита и Кодексот на медицинска деонтологија, СЕ ДОСТАВУВА на понатамошно постапување до Лекарска комора на Република Северна Македонија.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со бр. 09-1279/1 од 18.03.2026 година е оформен врз основа на пријава поднесена од анонимен подносител против д-р ----------, лекар специјалист по офталмологија, вработена во ПЗУ Здравствен дом --------- Поликлиника ----------.

Во пријавата се изнесени наводи за постоење судир на интереси, како и наводи за евентуална повреда на одредбите од Законот за здравствена заштита и Кодексот на медицинска деонтологија, особено во делот на забраната за користење на службената положба за лични цели и комерцијализација на здравствената дејност.

Имено, во пријавата се наведува дека д-р -----------, покрај вршењето на својата службена должност во јавна здравствена установа, е сопственик, управител или на друг начин поврзано лице со правното лице „----------- ДООЕЛ Скопје“, при што наводно ги упатувала пациентите да набавуваат очни помагала во наведениот правен субјект.

Државната комисија, постапувајќи по наводите во пријавата, утврди дека истата е поднесена од анонимен подносител и содржи општи и непоткрепени наводи, без приложени докази или конкретни факти и околности кои би упатувале на постоење на судир на интереси во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во пријавата не се наведени конкретни дејствија, временска рамка, ниту начин на кој наводно службеното лице постапувало спротивно на законските одредби, ниту се приложени материјални докази кои би овозможиле утврдување на фактичката состојба и евентуално поведување постапка.

Во однос на наводите кои се однесуваат на евентуални повреди на прописите од областа на здравствената заштита и Кодексот на медицинска деонтологија, Државната комисија оцени дека истите не се во нејзина надлежност, туку се во надлежност на Лекарска комора на Република Северна Македонија, како надлежен орган за утврдување на дисциплинска и етичка одговорност на лекарите.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија оцени дека во конкретниот случај не се исполнети законските услови за поведување постапка за утврдување на судир на интереси, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок на ДКСК.
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar